# З А П И С Н И К
# од 413-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 24.08.2022, среда во 10:40 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мери Радевска**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член
- **Весна Дамева**, член

Отсутни членови:

- **Ханиф Зендели**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Институт за човекови права**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 413-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин: По 6-та точка се додаваат две нови точки, точка 7 - Донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за формирање на комисии за оценување на работата на кандидати за судии и за претседатели на судови и точка 8 - Донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите. Точка 7 - Разно, станува Точка 9 - Разно.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор Претседателот на Советот Павлина Црвенковска Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на:
   - Записник од 399-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.04.2022 година;
   - Записник од 400-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.04.2022 година;

2. Донесување на одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Гевгелија, Основен суд Гостивар и Основен кривичен суд Скопје;

3. Разгледување и одлучување по приговори;

4. Одлучување по приговори од кандидати за избор на претседател на суд;

5. Усвојување на предлог Методологија со индикатори за утврдување на сложеност на предметите;

6. Заклучување на Судскиот изборен именик;

7. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за формирање на комисии за оценување на работата на кандидати за судии и за претседатели на судови;

8. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите;

9. Разно .

**Точка 1**

(Усвојување на: Записник од 399-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.04.2022 година и Записник од 400-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.04.2022 година)

#По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска, отвори расправа по Записник од 399-та седница на Судскиот совет на РСМ од 05.04.2022 година.

За збор се јави Лорета Горгиева. Истакна дека во поголем дел од расправите е извадена од контекст. Предложи записникот да се повлече за доработка.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека записникот се повлекува за доработка.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска, отвори расправа по Записник од 400-та седница на Судскиот совет на РСМ од 07.04.2022 година.

За збор се јави Лорета Горгиева. Истакна дека во поголем дел од расправите е извадена од контекст. Предложи записникот да се повлече за доработка.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека записникот се повлекува за доработка.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Донесување на одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Гевгелија, Основен суд Гостивар и Основен кривичен суд Скопје)

#По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на координаторот на Основен кривичен суд Скопје, членот на Советот Весна Дамева.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева и информираше дека претседателот на Основниот кривичен суд Скопје со допис 03 Су.бр.344/2022 од 08.08.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 02-1395/1 од 11.08.2022 година, достави предлог до Советот за разрешување на следните судии поротници поради истечен мандат: Мартин Буревски, Соња Дамовска Дамјановска, Викторија Митриќеска, Марина Јордановска, Александра Стојковска, Бесник Бајрами, Љупчо Михајловски, Златко Баланчевски, Валентина Милосављевиќ, Виолета Блажевска, Наташа Јосифовска Симоноска, Сања Матовска, Сузана Филиќ, Љубинка Органџиева, Емилија Колева, Магдалена Коцевска, Бетка Младеновска и Јована Здравевска.

По разгледување на предлог на претседателот на Основниот кривичен суд Скопје, извршениот увид во Регистерот на судии поротници и во Одлуката за избор на судии поротници во Основен кривичен суд бр.02-1073/1 од 23.07.2018 година, констатира дека на наведените судии поротници во предлогот на претседателот на Основен кривичен суд Скопје мандатот им истекува на 20.07.2022, во смисла на член 49 од Законот за судовите.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

На Мартин Буревски, Соња Дамовска-Дамјановска, Викторија Митриќеска, Марина Јордановска, Александра Стојковска, Бесник Бајрами, Љупчо Михајловски, Златко Баланчевски, Валентина Милосавлевиќ, Виолета Блажевска, Наташа Јосифовска-Симоноска, Сања Матовска, Сузана Филиќ, Љубинка Органџиева, Емилија Колева, Магдалена Кацевска, Бетка Младеновска и Јована Здравевска, избрани за судиии поротници на Основен суд Скопје 1 Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија

бр.02-1073/2 од 23.07.2018 година им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 20.07.2022 година.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на координаторот на Основен суд Гевгелија, членот на Советот Весна Дамева.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и информираше дека претседателот на Основниот суд Гевгелија со допис Су.бр.137/22 од 21.06.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 02-1178/1 од 29.06.2022 година, достави предлог до Советот за разрешување на следните судии поротници поради истечен мандат: Виктор Костадинов и Каме Ќаев.

По разгледување на предлогот на претседателот на Основниот суд Гевгелија, извршениот увид во Регистерот на судии поротници и во Одлуката за избор на судии поротници во Основен суд Гевгелија бр.02-1098/2 од 30.08.2018 година, констатира дека на наведените судии поротници во предлогот на претседателот на Основен суд Гевгелија мандатот им истекува на 31.08.2022,во смисла на член 49 од Законот за судовите.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

На Каме Ќаев и Виктор Костадинов, судии поротници избрани за судии поротници на Основен суд Гевгелија со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр. 02-1098/2 од 30.08.2018 година им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 31.08.2022 година.

Се констатира дека членот на Советот Беса Адеми е присутна на седницата.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на координаторот на Основен суд Гостивар, членот на Советот Мери Радевска.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и информираше дека претседателот на Основниот суд Гостивар, достави до Советот, барање за разрешување на судии-поротници

во судот, на кои на 30.08.2022 година им истекува мандатот и тоа: Мехас Муртезани, Марија Симеска, Стојна Попоска Богина Илеска, Сервет Јусуфи и Маја Смилеска.

По извршена проверка на законитоста на предлогот е констатирано дека лицата биле избрани за судии поротници во Основниот суд Гостивар со одлука на Советот бр. 02-1180/2 од 30.08.2018 година со која е определено дека одлуката влегува во сила од 31.08 2018 година.

Бидејќи од изборот на судиите-поротници, на 30.08.2022 година истекува времето за кое биле избрани, се доставува извештај со предлог, да се констатира престанок на нивната функција судија-поротник.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

На Мехас Муртезани, Марија Симеска, Стојна Попоска, Богинка Илиеска, Сервет Јусуфи и Маја Смилеска , судии поротници на Основен суд Гостивар, избрани за судии поротници на Основен суд Гостивар со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр. 02-1180/2 од 30.08.2018 година им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 31.08.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Разгледување и одлучување по приговори)

#По повод 3-та точка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека со решение на Советот бр. 02-1391/1 од 09.08.2022 година, на Гордана Спиреска, судија на Основниот кривичен суд Скопје е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, заклучно со 09.08.2022 година. Од страна на Советот донесено е и решение бр.02-1391/2 од 09.08.2022 година со кое на Гордана Спиреска, член на Советот и престанува мандатот на член на Советот, поради исполнување на услови за старосна пензија, а со

решение бр.02-1391/4 од 09.08.2022 година и престанува работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија, заклучно со 09.08.2022 година.

Информираше дека против наведените решенија доставен е приговор со кој подносителот наведува дека донесените решенија се спротивни на чл.31 од Законот за Судски совет во кој точно се определени условите под кои му престанува мандатот на член на Советот, кој закон е lex specialis за судиите кои се избрани за членови на Советот. Смета дека за нив не може да се применат одредбите од чл.2 ст.1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на ЗРО. Подносителот бара да да се поништат решенијата на Советот како спротивни на закон.

Констатира дека во конкретниот случај правото на приговор против донесените одлуки воопшто не е предвидено, поради што предложи приговорот да се отфрли како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и по одржаната дискусија предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 7 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Гордана Спиреска бр.03-1403/1 од 16.08.2022 година изјавен против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 02-1391/1 од 09.08.2022 година, бр.02-1391/2 од 09.08.2022 година и бр.02- 1391/4 од 09.08.2022 година, година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

#По повод следната потточка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Советот со решение бр.02-1195/10 од 01.07.2022 година го стави ван сила решението на Советот бр.02-690/2 од 15.06.2021 година и на Зоран Теофиловски, судија на Апелациониот суд Гостивар му е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, заклучно со 30.06.2022 година. По донесување на решението на Советот со кое е утврден престанок на судиската функција, донесено е и решение бр.02-1261/1 од 11.07.2022 година со кое на судијата на Апелациониот суд Гостивар Зоран Теофиловски - член на Советот му престанува работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија, заклучно со 30.06.2022 година.

Информираше дека против решението за престанок на работниот однос поради исполнување на услови за старосна пензија доставен е приговор во кој подносителот наведува дека истото е донесено спротивно на ЗРО. Го посочува чл.85 од ЗРО и наведува дека донесеното решение е спротивно на закон, бидејќи не содржи правна поука. Изнесува наводи по однос на тоа дека во Законот за Судскиот совет јасно е предвидено во кои случаи на член на Советот му престанува мандатот и дека судиската функција не може да се поврзе со мандатот за член на Советот. Укажува на чл.52 од Уставот на РСМ по однос на неможноста за повратно дејство на Законите и другите прописи, освен по исклучок, кога тоа е поповолно за граѓаните. Повторно посочува на непримениливоста на Законот за изменување и дополнување на ЗРО во конкретниот случај. Предлага приговорот од страна на Советот да се усвои, а решението на Судскиот совет на РСМ да се поништи.

Информираше дека исто така против Решението на Советот бр. 02-1195/10 од 01.07.2022 година доставен е приговор во кој подносителот наведува дека решението е спротивно на ЗРО. Наведува дека во конкретниот случај не може да се примени Законот за изменување и дополнување на ЗРО, бидејќи истиот е донесен по донесување на решението на Советот бр.02-690/2 од 15.06.2021 година. Смета дека донесеното решение е спротивно на закон, бидејќи не содржи правна поука. Го посочува чл.52 од Уставот на РСМ по однос на неможноста за повратно дејство на Законите и другите прописи, освен по исклучок, кога тоа е поповолно за граѓаните. Предлага приговорот од страна на Советот да се усвои, а решението на Судскиот совет на РСМ да се поништи.

Констатира дека во конкретниот случај правото на приговор против донесените одлуки воопшто не е предвидено, поради што предложи приговорите да се отфрлат како недозволени.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и по одржаната дискусија предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 7 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Зоран Теофиловски, преку полномошник Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје бр.03-1386/1 од 04.08.2022 година против решение на на Судскиот совет на

Република Северна Македонија бр.02-1261/1 од 11.07.2022 година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Зоран Теофиловски, преку полномошник Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје бр.03-1386/2 од 04.08.2022 година против решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-1195/10 од 01.07.2022 година, СЕ ОТФРЛА како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска даде ПАУЗА во траење од 30 минути.

Седницата продолжи во 12:30 минути.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Одлучување по приговори од кандидати за избор на претседател на суд)

По повод 4-та точка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, за избор на судија од основен суд кој се пријавува на огласот за избор во друг основен суд, како и за избор на претседатели на судови по оглас објавен во Службен весник бр.266/21, до Бетим Јахја кандидат за избор на претседател на Основен суд Тетово достави известување под бр.09-726/6 дека кон пријавата по огласот недостасува Акцискиот план за спроведување на програмата согласно на чл. 47 ст. 4 од Законот за судовите, како и диплома, потврда за положен правосуден испит и уверение за државјанство согласно условите од огласот.

Информираше дека против известувањето на Комисијата за рангирање на кандидатите до Советот поднесен е приговор од кандидатот-судија Бетим Јахја заведен под бр.09-726/8 од 15.06.2022 година, поради погрешно констатирана состојба по однос на комплетноста на неговата пријава со потребната документација.

Констатира дека условите кои треба да ги исполни кандидатот за да се јави на огласот за избор на претседател на суд се утврдени во чл. 45 и чл. 47 од Законот за судовите и од таа причина предложи приговорот да се отфрли како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и по одржаната дискусија предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Бетим Јахја бр.09-726/8 од 15.06.2022 година против Известување на Комисијата за рангирање на кандидатите по однос на огласот за избор на претседател на Основен суд Тетово под бр.09-726/6, се отфрла како недозволен.

#По повод следната потточка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, за избор на судија од основен суд кој се пријавува на огласот за избор во друг основен суд, како и за избор на претседатели на судови по оглас објавен во Службен весник бр.266/21, до Назиф Илијази кандидат за избор на претседател на Основен суд Тетово достави известување под бр.09-726/5 дека кон пријавата по огласот недостасува Акцискиот план за спроведување на програмата согласно на чл. 47 ст. 4 од Законот за судовите.

Информираше дека против известувањето на Комисијата за рангирање на кандидатите до Советот поднесен е приговор од кандидатот-судија Назиф Илијази заведен под бр.09-726/7 од 15.06.2022 година, поради погрешно констатирана состојба по однос на комплетноста на неговата пријава со потребната документација.

Констатира дека условите кои треба да ги исполни кандидатот за да се јави на огласот за избор на претседател на суд се утврдени во чл. 45 и чл. 47 од Законот за судовите и од таа причина предложи приговорот да се отфрли како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и по одржаната дискусија предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Назиф Илијази бр.09-726/7 од 15.06.2022 година против Известување на Комисијата за рангирање на кандидатите по однос на огласот за избор на претседател на Основен суд Тетово под бр.09-726/5, се отфрла како недозволен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Усвојување на предлог Методологија со индикатори за утврдување на сложеност на предметите)

По повод 5-та точка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека по разгледување на доствениот предлог од страна на Центарот за правни истражувања за измена на Методологијата со индикатори за утврдување сложеност на предметите бр.02-1395/1 од 07.09.2021 година и добиеното позитивно мислење од страна на Врховниот суд изготвена е предлог одлука за измена и дополнување на Методологијата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и по одржаната дискусија предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите

СЕ ВРШИ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ во Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите бр. бр.02-1395/1 од 07.09.2021 година, така што:

-Во член 10 став 1 точка д), наместо „Нивото на сложеност на предметот

претставува квантитативна мерка за сложеност меѓу 1 и 10 која зависи исклучиво од параметрите на судскиот предмет и горенаведените параметри", да стои: „Нивото на сложеност на предметот претставува квантитативна мерка за сложеност меѓу 1 и

6 која зависи исклучиво од параметрите на судскиот предмет и горенаведените параметри".

-Во член 28 наместо:
„Едноставен - вредност 1,2,3,4;
Сложен - вредност 5,6,7,8;
Многу сложен - вредност 9,10“ да стои:
„Едноставен - вредност 1, 2;
Сложен - вредност 3, 4;
Многу сложен - вредност 5, 6“.

Измената и дополнувањето се составен дел од Методологијата со индикатори за утврдување на сложеноста на предметите и истите ќе бидат објавени на интернет страницата на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во останатиот дел Методологијата останува незименета.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Заклучување на Судскиот изборен именик)

По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека во врска со распишаниот Оглас за избор на членови на Советот, објавен во Службен весник бр.163/22 од 20.07.2022 година, согласно чл. 17 ст. 6 од Законот за Судскиот совет, Советот најдоцна во рок од 20 дена од денот на распишувањето на изборите го заклучува Судскиот изборен именик. Во таа насока предложи да се донесе одлука со која ќе се заклучи Судскиот изборен именик.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и по одржаната дискусија предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

СЕ ЗАКЛУЧУВА Судскиот изборен именик за Врховниот суд на Република Северна Македонија, за Апелационо подрачје Гостивар и Апелационо подрачје Скопје и Управните судови.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**

(Донесување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за формирање на комисии за оценување на работата на кандидати за судии и за претседатели на судови)

По повод 7-та точка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од измена на Одлуката за формирање на комисии за оценување на работата на кандидати за судии и за претседатели на судови бр.02-656/1 од 12.04.2022 година поради престанок на мандатот на Гордана Спиреска, член на Советот, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во таа насока се спроведе ждребување по кое се констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Одлуката на Судскиот совет на РСМ бр.02-656/1 од 12.04.2022 година

Во став 3 алинеја 1 од Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-656/1 од 12.04.2022 година, наместо „Гордана Спиреска - претседател на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ)", да стои „Ханиф Зендели - претседател на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ)".

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

## Точка 8

(Донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите)

По повод 8-та точка од дневниот претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека врз основа на чл. 14 од Законот за Судски совет, Советот формира Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите. Комисијата се состои од претседател, два члена и нивни заменици. Претседателот на Комисијата, еден член и нивните заменици се избираат од Здружението на судии, а еден член и неговиот заменик се избираат од редот на претставниците на здруженијата и фондациите кои работат повеќе од пет години во областа на човековите права и владеење на правото.

Советот ја утврдува исполнетоста на условите и утврдува листа на кандидати за Комисијата, од кои по пат на ждрепка се избираат двајца членови и нивни заменици.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлог листата на кандидати за Комисијата ја стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е утврдена листа на кандидати за Комисијата и по спроведеното ждребување е донесена следната:

О Д Л У К А

За формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите

Се формира КОМИСИЈА за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите, во состав од:

1. Исамедин Лимани, судија на Врховниот суд на РСМ - претседател на Комисија,
2. Златко Анѓелкоски , судија на Апелациониот суд Гостивар - заменик претседател на Комисија,
3. Ѓорѓи Радојков, судија на Апелациониот суд Скопје - член на Комисија,
4. Ненад Савески, судија на Основен кривичен суд Скопје- заменик член Комисија,
5. Ивана Петковска од Коалиција на здруженија на граѓани- Сите за правично судење- член на Комисија и

6. Јелена Кадриќ - Институт за човекови права - заменик член на Комисија.

Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите согласно чл. 14 ст.9 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019) го подготвува изборниот материјал, формира изборни одбори и ги спроведува изборите на членови на Советот од редот на судиите.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од Дневниот ред.

**Точка 9**

(Разно)

#По повод 9-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и информираше дека во Советот примено е Барање за утврдување на начин на распределување на судски предмети, поднесено од /// и заведено во Советот под бр. 03-1310/1 од 18.07.2022.

Наведе дека од координаторот на Апелациониот суд Скопје, се бара да се провери начинот на распределба на второстепениот граѓански предмет ГЖ-369/14 во Апелациониот суд Скопје.

Посочи дека од апликацијата „Контрола на судови" констатирано е дека предметот ГЖ-369/14 е примен во судот на ден 20.01.2014 година како времена мерка и истиот рачно е распореден кај судијата ///.

Укажа дека со писмен допис, број 03-1310/2 од 01.08.2022 година, побарано е од Апелациониот суд Скопје да достави до Советот информација по однос на начинот на распределба на наведениот предмет и причините за рачна распределба на истиот.

Истакна дека Апелациониот суд Скопје со допис - Известување бр. СУ-03-226/22-2 од 09.08.2022 година го известува Советот дека предметот е примен во судот на ден 20.01.2014 година и истиот има карактер на итен предмет, бидејќи се работи за времена мерка со основ за обезбедување на непарично побарување и спроведување на решение на привремена мерка

РВРМ-210/12 од 31.01.2013 година, доставен за одлучување по жалба од Основен граѓански суд Скопје.

Појасни дека предметот ГЖ-369/14 е поврзан со предметот ГЖ-1825/ 13, по кој претходно постапувал судијата ///, па согласно чл. 175 ст. 3 од Судскиот деловник истиот како новозаведен предмет е доделен во работа на истиот судија.

Потенцира дека исто така, и предметот ГЖ-1825/13 е предмет од итен карактер, со основ времена мерка, па затоа при определување на судија известител е постапено согласно чл. 175 ст. 2 од Судскиот деловник, односно истиот по заведување во АКМИС на 02.04.2013 година, преку АКМИС бил веднаш распределен на судија известител, согласно Судскиот деловник , а со користење на функцијата „копче судија".

Констатира дека предвид наведеното, начинот на распределба на предметот ГЖ-369/14 на Апелациониот суд Скопје е согласно Судскиот деловник и Заклучокот со кој се уредува процедурата за работа со предмети во кои се бараат времени мерки, донесен од Работното тело за стандардизација на постапките во судовите, формирано при Врховниот суд.

#По повод следната potточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека на претседателот на Апелациониот суд Скопје, Лидија Димчевска мандатот и истекува на 30.10.2022 година и согласно Законот за Судски совет и обврските кои произлегуваат од него е потребно да се донесе Одлука за објавување на Оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје на наредната седница на Советот.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Беса Адеми во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и извести за потребата од објавување на оглас за избор на судии во Врховниот суд поради кадровски дефицит во судот.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор.

Од тие причини Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 413-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13:20 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис **НЕ** е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска

Изработил: Ален Раденковиќ
Одобрил: Весна Толева